**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5234 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Петтиот десетдневен период, од 12 до 21 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на Дневникот од 20 часот, на ТВ 24 Вести, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 51 минута и 13 секунди, составен од прилози од

претежно информативни жанрови - вест, вест во низа, извештај, интервјуа и изјави. На 16 октомври, во сеќавање на Тоше Проески, емитувана е репортажа од Крушево.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:09:26 | 3,24 % |
| СДСМ | 00:13:08 | 4,51 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:54 | 4,43 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:27:19 | 9,38 % |
| Експерти/аналитичари | 00:22:16 | 7,65 % |
| Други субјекти | 01:04:20 | 22,09 % |
| Судство | 00:11:36 | 3,98 % |
| Граѓански сектор | 00:18:59 | 6,52 % |
| Влада на РМ | 00:30:09 | 10,35 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:18:19 | 6,29 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:38 | 1,25 % |
| Демократски сојуз | 00:01:53 | 0,65 % |
| Без субјекти | 00:14:13 | 4,88 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:50 | 1,32 % |
| Специјално обвинителство | 00:19:01 | 6,53 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:12 | 0,41 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:08:16 | 2,84 % |
| Локална самоуправа | 00:04:09 | 1,43 % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:01:28 | 0,50 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:40 | 0,23 % |
| Либерална партија | 00:00:40 | 0,23 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:43 | 0,25 % |
| Унитети | 00:00:38 | 0,22 % |
| ДПА-ДР | 00:00:38 | 0,22 % |
| ДИК и други органи | 00:01:48 | 0,62 % |
| | Вкупно: 04:51:13 | 100 % |

Најмногу време во вестите е одвоено за категориите *„Други субјекти“*, *„Влада на РМ“*, *„Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“*, *„Експерти/аналитичари“*, *„Специјално обвинителство“* и *„Граѓански сектор“*. Во овој извештаен период под категоријата *„Други субјекти“* се кодирани изјавите и активностите на: Јован Илиевски, Музејот на Македонската борба, НБРМ, Горан Миленков – поранешен претседател на ДКСК, ЈИЕ, српските музичари Звонимир Ѓукиќ и Жељко Јоксимовиќ, новинарот Младен Чадиковски, Дојче Веле, АААВМУ, Благоја Менковски, Александар Трајков, Раде Аљаковски и Зоран Мијалков – родители на деца со посебни потреби, Надица Талеска – кустос во спомен куќата „Тоше Проески“, Енвер Малиќи, Агенцијата за филм, Јован Таковски – МПЦ, Ники Лауда, Дивна Стојанова – самохран родител, Андреј Николоски – директор на фондацијата „Тоше Проески“, Регулаторна комисија за енергетика, Ариан Превала – пилот инструктор во САД, новинарката Мери Јордановска, Зоран

Божиновски – новинар, АД Алкалоид, стопански комори, Павле Беловски – нападнатиот новинар на Телма пред МВР и др. Оваа категорија е застапена со 1 час 4 минути и 20 секунди.

Владата на Република Македонија со 30 минути и 9 секунди е присутна преку следниве теми: „Нема трага од новиот клинични центар, а се објави тендер за нов во Куманово"; „Јолевски – Стропницки: Македонија одигрува важна улога во решавањето на мигрантската криза"; Изјава на вицепремиерот за евроинтеграции во Владата на РМ Арбер Адеми – „Исполнети се условите за веродостојни избори"; пренесено соопштение од Министерството за финансии за протестот на одбиените кандидати за полицајци; „МИОА – Дирекцијата за лични податоци да го провери сајтот на Кирацовски"; Изјава на министерот за образование и наука Пиштар Љутвиу – „Спротивно на протестот, стартуваат студиите на универзитетот „Мајка Тереза"; Изјава на министерот за финансии Кирил Миноски – „Фискална стратегија, колкав ќе биде буџетскиот дефицит?"; „До 2019 Владата ќе се задолжи со 1,7 милијарди евра"; одлука донесена на седница на Владата – „Агрон Буџаку нов директор на Центарот за управување со кризи"; „Ново задолжување од 31 милион евра"; став на премиерот Емил Димитриев за 6-та изборна единица; „Реформи во УБК"; пренесена изјава на министерот за надворешни работи, Никола Попоски; изјава на министерот за економија, Дритон Кучи; изјава на министерката за култура Елизабета Канческа Милевска; „Тендер за нов клинички центар"; „550 евра оштета за поплавените од с.Стајковци"; изјава на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Михаил Цветков и др.

Како третозастапена во вестите е методолошката категорија *Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари* со 27 минути и 19 секунди, преку активностите на: Кристофер Бендер – Европска иницијатива за стабилност; Мартин Стропницки – министер за одбрана на Р.Чешка; Европската енергетска заедница; Јоханес Хан – еврокомесар; Самуел Жбогар –евроамбасадор; Кристине Алтхаузер – амбасадорка на Германија во Македонија; Парламентарното собрание на Советот на Европа; Светска банка; Европска комисија за енергетика; Џес Бејли-амбасадор на САД во РМ; Прокопис Павлопулос; Јанез Копач; францускиот амбасадор во Македонија, Кристијан Тимоние; Чарлс Гарет-амбасадор на Велика Британија; Ласло Дукс – амбасадор на Унгарија во Македонија и др.

За категоријата „*Експерти/аналитичари*" се одвоени 22 минути и 16 секунди. Нивни изјави се вклучени во голем број прилози, посебно во оние што ги третираат актуелните теми. Во овој извештаен период во рамки на вестите се емитувани изјави на повеќе универзитетски професори - Никола Поповски, Светомир Шкариќ, Гордан Калајџиев, Осман Кадриу, Илија Ацески, Мирјана Најчевска, потоа на Бојан Маричиќ (МЦЕО), Никола Димитров (поранешен амбасадор), Владимир Божиновски (политички аналитичар), Маргарита Цаца Николовска (поранешен судија во ЕСЧП), Јордан Митриновски (поранешен судија), Јован Јоанидис (поранешен обвинител), Ѓулистана Марковска (поранешен пратеник), Александар Пандов (политички аналитичар) и др.

„*Специјалното јавно обвинителство*" е присутно со 19 минути и 1 секунда преку следните прилози: „Невладините од Хан бараат специјално судско одделение"; „Судовите одбија уште една жалба на СЈО"; „СЈО продолжува со истрагата за аферата „Списоци"; „Нови истраги на СЈО"; „Катица Јанева во УБК", „Истрага за масовното прислушување"; „СЈО го чешла Музејот на ВМРО и Министерството за култура"; „Случај „Тендери"; „Истрага Топлик"; „Јанева во УБК", „Соработката оди тешко"; „Караџоски: СЈО прави притисок врз судиите"; „Ристоска контра Караџоски: Ако се судии не се над правдата"; „СЈО одзеде компјутерски и пишани документи од УБК"; „СЈО бара да се одземе пасошот на Елизабета Канческа Милевска" и др.

За „*Граѓанскиот сектор*" се одвоени 18 минути и 59 секунди, а во категоријата се опфатени пренесените соопштенија или пак директните обраќања на претставниците од Студентскиот пленум, НВО "Метаморфозис", Хелсиншкиот комитет, МАН, Македонски образовен форум, „Дајте ни крилја", Националниот сојуз на слепи лица, Организација на жени на Струмица, Комитетот за заштита на правата, Полицискиот синдикат, Македонската платформа против сиромаштија, Советот за етика, ЗНМ, Институт за човекови права, Центар за управување со промени, Центарот за економска анализа и др.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за СДСМ (13 минути и 8 секунди) и за ВМРО ДПМНЕ (12 минути и 54 секунди). Покрај нив како субјекти во вестите се појавуваат уште 8 политички субјекти (ДПА-ДР, Унитети, ЛП, НСДП, ОМ, ДПА, ДС, ДУИ).

И во овој мониториран период телевизијата ја задржува практиката да обезбеди две или повеќе мислења и ставови за обработените теми, со снимени изјави или пренесени писмени соопштенија и ставови и толкувања од аналитичари и експерти од соодветните области.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:05:22 | 6,41 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:54 | 18,99 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:27 | 8,90 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:32 | 9,00 | % |
| Влада на РМ | 00:07:09 | 8,54 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:32 | 3,03 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:57 | 1,13 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:22 | 1,63 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:31 | 0,62 | % |
| Други субјекти | 00:20:22 | 24,33 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:45 | 2,09 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:09 | 6,15 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:24 | 4,06 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:47 | 0,94 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:26 | 0,52 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:20 | 0,40 | % |
| Судство | 00:01:09 | 1,37 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:29 | 0,58 | % |
| Унитети | 00:00:23 | 0,46 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:26 | 0,52 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:17 | 0,34 | % |
| **Вкупно:** | **01:23:43** | **100** | **%** |

Најмногу директни обраќања се регистрирани за категориите *Други субјекти* (20 минути и 22 секунди), потоа за *Експерти/аналитичари* (15 минути и 54 секунди), *Граѓански сектор* (7 минути и 32 секунди) и Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари (7 минути и 27 секунди).

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

***Очи в очи***

Во извештајниот период, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми во информативно контактната програма *Очи в очи* која се емитува секој ден, освен во сабота и во недела:

На 12 октомври 2016 година, во 8 часот и 9 минути се емитуваше репризно издание со наслов: „Дали постои институционално решение за човекот со гангрена во Драчево?".

На истиот датум, со почеток во 16 часот и 16 минути, беше премиерното издание на емисијата со две различни теми. Првата беше "слободна тема", а се разговараше за изборот на Јован Илиевски за нов судија во Стразбур, дали борбата продолжува или партиите го злоупотребуваат 11 Октомври, распуштањето на парламентот итн. Вториот дел од емисијата почна во 18 часот и 6 минути, и беше посветен на темата: „Власта и опозицијата бараат распуштање на Собранието, но спорен е датумот за тоа". Репризното издание беше на 13 октомври 2016 година, во 8 часот и 9 минути.

Новата емисија емитувана на 13 октомври 2016 година, во 16 часот и 18 минути ја отвора темата: „Пред изборите, огласи за вработување во државните институции има на ангро." Репризното издание беше на 14 октомври во 8 часот и 8 минути.

На 14 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 17 минути беше премиерното издание на тема: „Хан - За новата влада многу поважни ќе бидат деновите по изборите на 11 декември". Оваа емисија беше репризирана на 17 октомври 2016 година, во 8 часот и 9 минути.

Во емисијата емитувана на 17 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 15 минути, темата беше: „Светски ден за искоренување на сиромаштијата – секое трето дете во Македонија е сиромашно". Репризното издание на емисијата беше емитувано на 18 октомври 2016 година, во 8 часот и 8 минути.

На 18 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 17 минути, гледачите го изразуваа своето мислење на темата: „Собранието се распушти, Вељановски распиша избори, а пратениците се прегрнаа за крај". Репризното издание на емисијата беше на 19 октомври 2016 година, во 8 часот и 9 минути.

На 19 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 15 минути беше премиерното издание на тема: „Јанева и СЈО влегоа во УБК – се истражува аферата Масовно прислушување". Оваа емисија беше репризирана на 20 октомври 2016 година, во 8 часот и 9 минути.

На 20 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 34 минути, беше премиерното издание на емисијата која овојпат беше емитувана во два дела поради директното вклучување на прес конференцијата на министерката за култура, Елизабета Канчевска Милевска во Дневникот во 17 часот. Темата беше: „Топлик и Тендери – два милиони евра стопени од буџетот на РМ, според СЈО". Додека траеше емисијата, во позадина се емитуваа музичките нумери „Walking on the sun" и „Love me tender", кои медиумот им ги посветил на двата случаја на СЈО. Репризното издание беше на 21 октомври 2016 година, во 8 часот и 7 минути.

На 21 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 15 минути, гледачите го изразуваа своето мислење на темата: „ЗНМ-Нападот на новинарот на Телма е смислен атак врз слободата на медиумите".

***Тренд – економија и бизнис***

На 12 и 16 октомври 2016 година, беше емитувано репризно издание на емисијата *Тренд – економија и бизнис* на темите: „ПИОМ и извештаите од ММФ и Светска Банка"; „Дали меѓународните финансиери испорачаа оценки што досега беа премолчени или дали досегашните мецени на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, полека и вртат грб". Гости во емисијата беа универзитетските професори Никола Поповски и Игор Ивановски, како и Марјан Николов од Центарот за економска аналитика. Во текот на емисијата беше емитувана изјавата на министерот за финансии Кирил Миноски од 9 октомври.

На 17 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 54 минути, беше емитувано премиерното издание на емисијата на тема „Дали изборите ќе значат и крај на актуелната политичка криза и што може да се очекува од ова предизборие". Гости беа поранешните пратеници: Јани Макрадули, Ѓулистана Марковска и Абедин Зимбери. Во емисијата е вклучена и снимка од изјавата на Никола Груевски од партискиот собир на ВМРО ДПМНЕ. Репризните изданија беа на 18 и 19 октомври 2016 година.

На 20 октомври 2016 година, со почеток во 1 часот по полноќ ТВ 24 Вести реализираше директно вклучување од прес-конференцијата на Специјалното јавно обвинителство пред МВР.

Истиот ден со почеток во 12 часот, следеше нова прес-конференција на Специјалното јавно обвинителство која ТВ 24 Вести ја пренесуваше во живо, со вклучување на прес-конференцијата во терминот во кој по редовната програмска шема се емитуваше Дневникот во 12 часот.

*Интервјуа*

***Патот до успехот***

Емисијата „*Патот до успехот*", од 15 октомври 2016 година, беше реприза на интервјуто со академикот Васко Ташковски. Истиод ден премиерно е емитувано интервјуто со бизнисменот Енвер Малиќи. Ова издание има 3 репризи, две на 16 и едно на 18 октомври 2016 година.

На 16 октомври 2016 година, емитувано е неделното интервју на Радио Слободна Европа, каде гостин беше Арбер Адеми, вицепремиер за евроинтеграции во Владата на Република Македонија.

*Дебатни емисии*

***Анализа 24***

*Анализа 24* се емитува секој ден со различни соговорници во студиото, со репризно издание наредниот ден и во текот на викендот.

На преминот меѓу 12 и 13 октомври 2016 година, со почеток во 00:46 мин. по полноќ, беше емитувано репризно издание каде се разговараше за тоа: „Што е слободата? Поделеноста на општеството денес, има ли цена достоинството во Македонија?, Како против црно-белиот свет во земјава?" Гости беа поетите Сашо Гигов Гиш и Дарко Лешоски.

Истиот ден (12 октомври) со почеток во 21 часот, беше емитувано премиерно издание на емисијата на тема: „Кој се плаши од избори, кој бега од избори и ќе има ли избори на 11 декември? Дали навистина Никола Груевски и Зоран Заев сакаат да се гласа на 11 декември?" Гости беа новинарите Сафет Бишевац и Цветин Чилиманов. Водителката отвори повеќе теми за кои учесниците во дебатата имаа спротивставени мислења: Распуштањето на Собранието по гласањето на буџетот; Што се случи со законите кои што ги побара специјалната обвинителка Катица Јанева, а кои никој не ги споменува?; Што е со 6-тата изборна единица за која што ДИК вели дека е незаконска, ќе се оди ли така на избори и дали се ризикува потоа некој тоа да го оспори?; Што ќе донесе еврокомесарот Јоханес Хан и дали се очекува дополнителен европски притисок? Поради жестока реторика меѓу соговорниците, водителката побара да се разговара без навреди и интервенираше со пауза за реклами. Репризно издание бележиме на 13 и 14 октомври 2016 година.

На 13 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот, беше емитувано премиерно издание на емисијата на тема: „Ќе има ли избори на 11 декември?" Гости беа: Тодор Пендаров (колумнист) и Андреја Стојковски (МЦЕО). Репризни изданија имаше на 14 и 17 октомври 2016 година.

На 14 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот, беше емитувано премиерно издание на емисијата на тема „Дали пораките на еврокомесарот Хан се темел на патот кон евроатлантските перпективи? Има ли услови за фер и кредибилни избори и дали постои светло на крај од тунелот за излез од политичката криза?" Гости беа: Љупчо Арсовски, дипломат и Александар Димитров, поранешен министер за надворешни работи. Репризно издание бележиме на 15 и 18 октомври 2016 година.

На 18 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 45 минути, беше новото премиерно издание на емисијата со следниве теми: „Како да го намалиме увозот на скапа струја, а да го зголемиме домашното производство на електрична енергија?"; „Гасификација на Македонија и како од обновливи извори на енергија

да се намали увозот?"; „За критиките од Европската енергетска заедница до македонските власти за либерализација на пазарот на струја и зошто се уште законите не ни се усогласени со директивите од ЕУ"? Гости беа: Христијан Мицкоски, генерален директор на ЕЛЕМ и советник во Владата и Митко Андреевски, претседател на Комисијата за енергетика во СДСМ. Репризни изданија имаше на 19 и 20 октомври 2016 година.

На 19 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот и 4 минути, емитувано е премиерно издание со следниве теми: „Каква изборна кампања не очекува?"; „Можно ли е да има дамка врз легалноста на изборите?"; „Каква ќе биде функцијата на СЈО на изборите?". Гости во емисијата беа Сотир Костов, поранешен јавен обвинител и колумнист и Жарко Јорданоски, заменик главен уредник во „Слободен печат". На почетокот од емисијата беше емитувана изјавата на специјалната јавна обвинителка, Катица Јанева, од пред МВР, а во врска со истрагата на СЈО во УБК. Репризното издание беше на 20 октомври 2016 година.

На 20 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот, беше емитувано премиерно издание на емисијата на тема: „Случувањата во СЈО и истрагата во УБК." Гости беа Владимир Пивоваров, универзитетски професор и Јован Јоанидис, поранешен обвинител и истражен судија. Две репризни изданија бележиме на 21 октомври 2016 година.

На 21 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата на тема: „Како до независно судство и како да се врати довербата во судството?" Гости во емисијата беа универзитетските професори Лазар Нанев и Гордана Бужаровска.

***Сектор за програмски работи***